Машински факултет
Број 02-209/1
4.02.2021 год.
Скопје

Врз основа на член 69 од Статутот на Машинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник број 465/2019), на предлог од Деканатската управа утврден во врска со барањето поднесено од Факултетското студентско собрание за организирање дополнителен – вонреден испитен термин во зимскиот испитен рок во учебната 2020/2021 година, Наставно-научниот совет на Факултетот, на вонредната седница одржана по електронски пат преку електронска пошта, на 4 февруари 2021 година, ја донесе следнава

**О Д Л У К А**
**за организирање дополнителен – вонреден испитен термин**
**во зимскиот испитен рок во учебната 2020/2021 година**

1. Се организира дополнителен – вонредни испитен термин во зимскиот испитен рок во учебната 2020/2021 година, за полагање на испити по предметите од зимскиот и од летниот семестар од сите студиски години на прв циклус студии на Машинскиот факултет во Скопје,.

2. Дополнителниот – вонредниот испитен термин во зимскиот испитен рок се организира, заради непречено напредување на студентите во услови на пандемија со Covid-19, за завршна реализација на обврските по предметите од зимскиот семестар и за задоволување на условеноста за запишување на предмети во летниот семестар во учебната 2020/2021 год.

Дополнителен – вонреден испитен термин ќе се организира само за наставните предмети за кои студентите ќе извршат **електронска пријава на 9 и 10 февруари 2021 година**. Студентите ќе донесат пријави во материјална форма само за положените испити, во Студентската служба при запишувањето на семестарот.

3. Испитниот термин од оваа одлука ќе се организира **на 11 и 12 февруари 2021 година**, при што студентот има право да пријави најмногу 2 (два) предмети.

4. Студентите пријавувањето и полагањето на испитите во дополнителниот – вонреден испитен термин го вршат без плаќање надоместок.

5. Испитите во вонредниот февруарски испитен термин **ќе се спроведат on-line.**

6. Резултатите од спроведените испити наставниците се должни да ги објават **најдоцна до понеделник 15 февруари 2021 до 14:00 часот**.

Во наредните 24 часа се обезбедува увид во прегледаниот труд и добиената оценка, за спроведените испити.

Обврската за внесувањето на оценките во електронскиот систем наставниците ќе ја извршат 24 часа по истекот на рокот за увид.

7. Продеканот за наставна дејност и Студентската служба ќе ги организираат и спроведуваат техничките аспекти за реализација на оваа одлука (објавување на термините за полагање, роковите и начинот на пријавување, распоредот на испитите).

8. Одлуката влегува во сила со денот на донесување.

Одлуката да се достави до: продекан за наставна дејност, студентска служба, web страна, наставно-научен совет и архивата на Факултетот.

Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Машински факултет - Скопје
Декан

Проф. д-р Дарко Данев